**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-369
21.08. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 100 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3590/1 од 17.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на рекламни блокови со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час, од страна на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/6 од 19.08.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, заради извршена повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16, 132/17, 248/18 и 27/19), а казнива по член 149 став 1 точка 9 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, на 3 јуни 2019 година, емитувани се рекламни блокови со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час, и тоа:

- во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитувани во периодот од 00 часот до 01 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 10 минути и 08 секунди;
- во рекламниот блок и во рекламата Коп Компани емитувани во периодот од 14 часот до 15 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 1 минути и 34 секунда;
- во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитувани во периодот од 15 часот до 16 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 1 минути и 59 секунди; и
- во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитуван во периодот од 20 часот до 21 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 10 минути и 35 секунди.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3590/1 од 17.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 17 јули 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, на 3 јуни 2019 година, емитувани се рекламни блокови со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час, и тоа: во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитувани во периодот од 00 часот до 01 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 10 минути и 08 секунди; во рекламниот блок и во рекламата Коп Компани емитувани во периодот од 14 часот до 15 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 1 минути и 34 секунда; во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитувани во периодот од 15 часот до 16 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 1 минути и 59 секунди и во рекламата Коп Компани, во рекламата Quick step и во рекламниот блок емитуван во периодот од 20 часот до 21 часот радиодифузерот го надмина дозволениот лимит за рекламирање за 10 минути и 35 секунди.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3590/1 од 17.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје на 19.07.2019 година, испрати Допис (наш арх.бр.03-369 од 19.07.2019

година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3589/1 од 17.07.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3945/6 од 19.08.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3590/1 од 17.07.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 17-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3590 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на трговските радиодифузни друштва не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час).

На 3 јуни 2019 година, во неколку реални часа, Наша ТВ емитуваше повеќе од 12 минути реклами на еден реален час, односно ги надмина дозволените лимити за рекламирање. Прегледот е во табелата подолу.

**3.06.2019**

| | **реален час од - до** | **Период на емитување** | | | **Надминат лимит за рекламирање за:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **почеток** | **крај** | **Времетраење** | |
| Реклама (Коп Компани) | од 00 до 01 ч. | 00:27:58 | 00:33.00 | 00:05:02 | 10 мин. 08 сек. |
| Реклама (Quick Step) | | 00:33:05 | 00:39:29 | 00:06:24 | |
| Рекламен блок | | 00:39:40 | 00:50:22 | 00:10:42 | |
| | | | | Вкупно **00:22:08** | |
| Рекламен блок | од 14 до 15 ч. | 14:13:26 | 14:24:58 | 00:11:32 | 1 мин. 34 сек. |
| Реклама (Коп Компани) | | 14:57:57 | 14:59:59 | 00:02:02 | |
| | | | | Вкупно **00:13:34** | |
| Реклама (Коп Компани) | од 15 до 16 ч. | 15:00:00 | 15:02:57 | 00:02:57 | 1 мин. 59 сек |
| Реклама (Quick Step) | | 15:03:03 | 15:09:27 | 00:06:24 | |
| Рекламен блок | | 15:20:16 | 15:24:54 | 00:04:38 | |
| | | | | Вкупно **00:13:59** | |
| Реклама (Коп Компани) | од 20 до 21 ч. | 20:14:59 | 20:20:00 | 00:05:01 | 10 мин. 35 сек. |
| Реклама (Quick Step) | | 20:20:05 | 20:26:30 | 00:06:25 | |
| Рекламен блок | | 20:27:15 | 20:38:24 | 00:11:09 | |
| | | | | Вкупно **00:22:35** | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, времетраењето

на рекламирањето, во неколку наврати изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час.

**9. Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***